Врз основа на Стратегијата за соработка на општина Битола со граѓанскиот сектор 2019 - 2022, Општина Битола објавува

ЈАВЕН ПОВИК

за доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Битола на здруженија на граѓани и фондации за 2019 година за организирање на **Саем за кариера**

1.Овој повик се однесува на доделување на финансиски средства од Буџетот на општина Битола на здруженија на граѓани и фондации за 2019 година за организирање на саем за кариера во рамките на мерката: организирање на заеднички годишни настани на општината, граѓанските организации и бизнис секторот, а во насока на остварување на заложбите на општина Битола за поддршка на граѓанските организации во промоцијата и поттикнувањето на активизмот на граѓаните и нивната поголема вклученост во активности од суштествено значење за локалната заедница, како што е намалувањето на младинската невработеност.

2.Критериуми за аплицирање

2.1.Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите се:

-Да се регистрирани согласно Закон за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11 и 55/16) и

-Да имаат седиште во општина Битола

2.2.Посебни проектни критериуми врз основа на кои ќе се врши проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите се:

| Критериуми | Бодови |
|---|---|
| 1.Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство од областа на младинската невработеност) | 30 |
| 3.Опис на акцијата/проектот (цели, резултати, активности, пристап) | 30 |
| 4.Ефекти во локалната средина (влијание врз целни групи, одржливост) | 20 |
| 5.Буџет (соодветно изразени активности во буџетот и оправданост на трошоците) | 20 |
| **Максимум бодови** | **100** |

*За да биде квалификувана за финансиска поддршка, апликацијата мора да освои најмалку 50 бодови

3.Временската рамка за спроведување на саемот за кариера е октомври – ноември 2019 година.

4.Висината на финансиските средства кои ќе се доделат за организација на саемот за кариера изнесува најмногу до 175.000 денари.

4.1.Здруженијата/фондациите имаат право да поднесат една апликација за финансиска поддршка што може да биде одобрена по избор на.

4.2.Повеќе здруженија може да аплицираат заеднички за еден предлог проект за саем за кариера.

5.Потребна документација за пријавување

5.1.Заинтересираните здруженија/фондации потребно е да ја достават следната документација:

-Пополнет Образец пријава и предлог проект (достапен на веб страната и шалтерите во општина Битола)

-Тековна состојба од Централен регистар на РМ (копија или оригинал) не постара од 6 (шест) месеци.

5.2.Документацијата се доставува до Општина Битола –Одделение за економски развој, Булевар ,,1-ви Мај" бр.61, во рок од 8 дена од денот на објавување на овој повик (не сметајќи го денот на објавувањето), заклучно со 19.11.2019 година.

6. Користење на доделените средства

6.1.Начинот на користење на финансиските средства ќе биде специфициран во договорот кој ќе биде склучен помеѓу здружението/фондацијата и општина Битола.

6.2 Одделението за економски развој го следи наменското трошење на доделените средства.

Бр.08-1073/1

11.11.2019

ГРАДОНАЧАЛНИК

м-р Наташа Петровска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА *